До

СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ

УГОТУР АД СКОПЈЕ

***ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТЕЊЕТО ВО ДЕЛОВНАТА 2016г.***

ПОДНЕСЕН ОД НЕИЗВРШНИТЕ ЧЛЕНОВИ НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ НА ДРУШТВОТО ЗА РЕЗУЛТАТИТЕ ОД КОНТРОЛАТА НАД УПРАВУВАЊЕТО СО ДРУШТВОТО

Друштвото УГОТУР АД СКОПЈЕ го има согласно ЗТД и Статутот применето едностепениот законски модел на управување преку формирање на Одбор на директори.

Во текот на 2016г. Одборот на директори на Друштвото ги вршеше своите активности во согласност со надлежностите утврдени со законските прописи и со Статутот на Друштвото. Врз основа на законски зададените овластувања неизвршните членови на Одборот на директори на Друштвото вршеа надзор над водењето на работењето и управувањето во Друштвото од страна на Извршниот член и тоа на 7 редовни седници на кои беа донесни 27 одлуки.

Во овој состав одборот работеше до ден 21.11.2016г. кога беше свикана седница на вонредно собрание за ден 26.12.2016г. на која седница се изврши избор на нов состав на Одборот на директори на Друштвото.

Новиот состав на Одборот на директори е впишан во Централниот регистар на ден 10.01.2017г.

Во 2016г. во фокусот на Неизвршите членови во извршувањето на законски зададените овластувања беше пред се интересот на Друштвото како и интересот на сите акционери.

Во 2016г. во фокусот на Неизвршите членови во извршувањето на законски зададените овластувања беше пред се интересот на Друштвото како и интересот на сите акционери.

Почитувајќи ја одредбата од чл.480 (3) од Законот за трговските друштва неизвршните членови го составија предметниов извештај за резултатите од контролата над управувањето со Друштвото , како и резултатите од извршената ревизија спроведена од страна на овластениот ревизор за годишната сметка и финансиските извештаи за 2016г.

СТРУКТУРА НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Одборот на директори на Друштвото формиран со Статутот брои 5 члена. Согласно на законот одборот има еден независен неизвршен член во својот состав.

Извршниот директор Александар Наумоски во работата на Одборот директори во 2016г. учествувал на 6 седници.

Неизвршен независен член во Одборот на директори е Драгутин Трповски, именуван со Одлука бр.086 од 11.05.2011г. и со мандат до 11.05.2017г. присуствувал на 5 седници во 2016г . Господинот Трповски со писмена Изјава заверена на нотар достави на ден 15.06.2016г. барање за оставка. Со обзир на фактот што со оваа изјава на волја на неизвршниот независен член не се појави законска пречка за натамошно фунционирање , одборот натаму непречено ја обавуваше својата надзорна функција.

Неизвршни членови се исто така лицата:

-Ѓуро Јовановски од Скопје, именуван со одлука бр.086 од 11.05.2011г. и со мандат до 11.05.2017г. Учествувал на сите 7 седници во тековната година. Господинот Јовановски поднесе Оставка на функцијата неизвршен член со датум 22.11.2016г.

-Ристовска Невена од Скопје, во својство на претседател на Одборот на директори именувана со Одлука бр.78 од 28.05.2014г. и со мандат до 11.05.2017г. Учествувала на вкупно 7 седници во деловната 2016г.

Неизвршните членови на Одборот на директори имаа постојан пристап до информации во врска со финансиските и економските активности на Друштвото преку писмените документи изготвени од Службата за внатрешна ревизија, овластениот ревизор како и извршниот директор.

Ваквото постојано информирање овозможува ефективно донесување на одлуки на седниците на Одборот на директори.

ПРОМЕНА НА ПОДАТОЦИ ВО ЦЕНТРАЛЕН РЕГИСТАР

Врз основа на поднесено писмено барање на Извршниот директор Александар Наумоски за спогодбено раскинување на менаџерскиот договор, Одборот на директори на својата последна седница во овој состав одржана на ден 21.11.2016г. донесе одлука за свикување на вонредно собрание на акционери за ден 26.12.2016г. Земајќи ги предвид поднесените писмени оставки на неизвршните членови на Одборот на директори, како и Барањето на Извршниот директор ,неопходно се создаде потребата од свикување на седница на вонредно собрание за кое беше предложена точка за донесување одлука за отповикување и избор на членови на Одборот на директори на Друштвото. На оваа седница акционерското собрание ја усвои предложената одлука за отповикување на постојните членови и именуваше нови членови во полн состав со мандат согласно Статутот односно до 26.12.2022г.

Централниот регистар на Република Македонија донесе соодветно Решение на ден 10.01.2017г. според кое за нови неизвршни членови на Одборот на директори се именуваат:

-Александар Илијевски од Скопје,Претседател на Одборот

-Лидија Трајковиќ од Скопје

-Александар Илијевски од Скопје,Претседател на Одборот

-Лидија Трајковиќ од Скопје

-Миладин Стратијев од Скопје

-Марина Симоноски од Скопје –независен неизвршен член и

-Бојана Анѓелеска - Извршен член на одборот на директори

## НАЧИН НА РАБОТА НА ОДБОРОТ НА ДИРЕКТОРИ

Согласно на одредбите од Статутот на Друштвото како и врз основа на законските одредби одборот работеше на седници. Идентификувајќи ги како приоритетни неизвршните членови на одборот редовно ги анализираа клучните извештаи за работата при што се носеа и соодветни одлуки и заклучоци.

Одборот редовно се состануваше врз основа на претходно утврден дневен ред за секоја седница, со известувања упатени до неизвршните членови и со доставување на материјалите и документите.

Претседателот имаше проактивна улога свикувајќи ги седниците врз основа на чл.369 (3) од Законот за трговските друштва, за периодот од кога е избран.

Врз основа на сите спроведени контроли неизвршните членпови на одборот изврши оценка на нивната ефикасност заклучно со 31.12.2016г. и заклучи дека таквите контроли се ефективни и ефикасни и согласно законската регулатива.

## РЕЗУЛТАТИ ОД РЕВИЗИИТЕ ИЗВРШЕНИ ОД РЕВИЗОРИТЕ НА ГОДИШНАТА СМЕТКА И ФИНАНСИСКИ ИЗВЕШТАИ

Имајки ги во предвид обврските кои произлегуваат од ЗТД извршена е ревизија над финансиското работење за 2016г. од страна на

ревизорската куќа БиЉ, Боро и Љупчо ДОО Скопје. Одборот на директори ги разгледа финансиските извештаи со белешките како и Мислењето од независниот ревизор.Според тоа мислење финансиските извештаи објективно ја презентираат од сите материјални аспекти, финансиската состојба на Друштвото заклучно со 31.12.2016г.како и неговата финансиска успешност и неговите парични текови за 2016г.а во согласност со меѓународните стандарди за финансиско известување што се прифатени во Република Македонија.

Ревизорот констатира дека Годишниот извештај за работата на Друштвото е конзистентен со годишната сметка.

Во текот на 2016г.работењето на неизвршните членови Одборот на директори беше во рамките на законски утврдените надлежности за остварување на позтивни финансиски резултати, давање на насоки и мерки за успешно работење, што во крајна линија е во интерес на акционерите и вработените во Друштвото.

Скопје,2017г.

Неизвршни членови на Одбор на директори

Претседател,

Лидија Трајковиќ

Марина Симоноски

-----------------------------------

Александар Илијевски

Миладин Стратијев